**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 09-494/5**

**Скопје, 22.09.2005 година**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за надворешни работи, сметка за приходи наплатени од органи за 2004 година, кои се прикажани на страните 4 и 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија за 2002 година, и издаден е извештај за финансиските извештаи на Министерството за надворешни работи. За годината 2003 која `и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија не е вршена ревизија на финансиските извештаи.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

    - Д-р Илинка Митрева, министер за надворешни работи за 2004 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 01.03.2005 до 16.05.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
    - Танка Блажевска, Помошник главен државен ревизор;
    - Снежана Лулевска, Виш ревизор;
    - Бранко Темелкоски, Ревизор;
    - Наташа Ристовска, Помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
    - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и

- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 20.07.2005 година добиени се забелешки по Претходниот ревизорски извештај на овластениот државен ревизор за сметката за приходи наплатени од органи за 2004 година, под бр. 10-848/1 од 20.07.2005 година, од министерот за надворешни работи. Истите се целосно разгледани, при што ревизијата не доби релевантен ревизорски доказ како основ за нивно прифаќање поради што истите се одбиени.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела:**

11.1.1. Спротивно на Законот за сметководство за буџети и буџетски корисници во финансиските извештаи на сметката за редовно работење не се реално искажани вкупните приходи и расходи согласно планираните и одобрените средства за оваа сметка од Буџетот на РМ бидејќи во сметководствената евиденција се вклучени и трансферите за ДКП од сметката за приходи наплатени од органи кои за 2004 година изнесуваат 170.747 илјади денари. Со ваквиот начин на евиденција буџетскиот корисник двапати ги искажал (кај двете сметки) приходите и расходите обезбедени преку сметката за приходи наплатени од органи кои се однесуваат на ДКП и не обезбедил податоци во сметководствената евиденција кои се потребни за следење на законското и наменското користење на средствата спротивно на Законот за буџетите. Остварениот приход од конзуларни такси во вкупен износ од 180.320 илјади денари се уплатува на сметката за приходи наплатени од органи, наместо истиот да се уплатува на уплатните сметки за јавни приходи, што е спротивно на Законот за буџети и Упатството за начинот на евидентирање и распоред на јавните приходи.

**Препораки и мерки:**

1. Министерството за финансии да превземе дејствија и воспостави процедури со цел јавните приходи по основ на конзуларните такси, да се уплатуваат директно на уплатните сметки за јавни приходи, согласно Законот за буџети и Упатството за начинот на евидентирање и распоредување на јавните приходи.

2. Министерството за финансии да обезбеди целосно финансирање на трошоците на дипломатско конзуларните претставништва на РМ во странство во рамките

на сметката за редовно работење. На ваков начин ќе се избегне можноста од ненаменско и незаконско трошење на средства во ДКП во странство.

11.2. **Ненаменско и незаконско користење на средствата:**

11.2.1. Направени расходи без претходно обезбедени средства со буџетот/финансиskiот план и спротивно на законските прописи

- Со извршената споредба на планираните и одобрени средства од Буџетот на РМ во однос на потрошените средства по ставки и подставки за сметка 631 посебно за средствата за програма 11 – МНР администрација, при што е утврден случај на ненаменско користење на средства кај ставката материјали во износ од 375 илјади денари без согласност на Министерството за финансии и соодветна одлука на Владата на РМ.
- Направени се расходи во износ од 99 илјади денари за користени угостителски услуги по фактура од Адриатик, Скопје по повод посетата на Генералниот секретар на НАТО во Република Македонија. Фактурата нема печат и нема прилог фискална сметка. Во прилог на фактурата има програма според која е предвидено приредување на вечера за 24 лица, а според сметката фактурирано е за многу поголем број на лица односно разликата искажана вредносно изнесува 99 илјади денари.
- Расходи во износ од 181 илјади денари за исплата на еднократен паричен надоместок на вработените во МНР како награда за зголемен ангажман и покажана професионалност во извршувањето на обврските по повод трагичниот настан кај Мостар, за чија исплата требало да се обезбедат средства од тековна резерва по одлука од Владата на РМ на предлог на министерот за финансии како непланирани средства со Буџет.

12. Според наше мислење, поради значењето на прашањата во точката 10.1. не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на Министерството за надворешни работи – сметка за приходи наплатени од органи, под 31.12.2004 година.

13. Според наше мислење, поради значењето на прашањата во точката 10.1. не изразуваме мислење за законското и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи на Министерството за надворешни работи – сметка за приходи наплатени од органи за 2004 година.

14. Прифатени и корегирани неправилности од страна на МНР во текот на ревизијата

1. По завршување на ревизијата Министерството за надворешни работи изврши корекција на одделни состојби на сметките во главната книга во 2005 година по дадена исправка од страна на ревизијата која што како ефект од ревизијата ја зголемуваат вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 2004 година за 733 илјади денари. Исправката е спроведена со налог за книжење бр. НФ-1 од 30.04.2005 година.

**Скопје, 12.09.2005 година**

**Овластен државен ревизор**
**Танка Блажевска**

__________________



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 181,717 | 149,347 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 34,749 | 4,392 |
| **Вкупно приходи** | | **216,466** | **153,739** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.3. | | |
| Стоки и други услуги | 3.3.1. | 161,209 | 109,893 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **161,209** | **109,893** |
| **Капитални расходи** | 3.4. | | |
| Купување на капитални средства | 3.4.1. | 52,635 | 9,097 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **52,635** | **9,097** |
| **Вкупно расходи** | | **213,844** | **118,990** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **2,622** | **34,749** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **2,622** | **34,749** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 2,622 | 34,749 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 9 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2,631** | **34,749** |
| **Вкупна актива** | | **2,631** | **34,749** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.2.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1. | 9 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 2,622 | 34,749 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **2,631** | **34,749** |
| **Вкупна пасива** | | **2,631** | **34,749** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

*Овластен Државен ревизор*

----------------------------

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА***

***Број 09-494/13***
***11.11.2005 година***
***С к о п ј е***

Врз основа на член 27 став 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија (“Сл. весник на РМ” бр.74/2004) и добиен Приговор по Конечен Извештај за извршена ревизија на Министерството за надворешни работи за 2004 година Дов. бр. 10-742/3 од 20.10.2005 година, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното

# *Р Е Ш Е Н И Е*

***по поднесен приговор на Конечен извештај***

**1.** Приговорот на точка 11.1.1. од Конечниот Извештај за извршената ревизија на Министерството за надворешни работи – сметка за приходи наплатени од органи, за 2004 година **не се прифаќа,** а приговорот на точка 11.2.1. **делумно се прифаќа** за наодот во алинеа 3.

**2.** Решението по доставениот приговор на конечниот извештај претставува прилог на конечниот извештај и интегрално се интерпретира во годишниот извештај.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е,***

Против конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на Министерството за надворешни работи – сметка за приходи наплатени од органи, за 2004 година поднесен е приговор Дов. бр. 10-742/3 од 20.10.2005 година.

Образложението за неприфаќање на приговорот е следното:

1. Приговорот на наодот изнесен во точка 11.1.1 од Конечниот извештај, а кој се однесува на нереално прикажани вкупни приходи и расходи согласно планираните и одобрените средства за сметката за приходи наплатени од органи, како и на неуплатен остварен приход од конзуларни такси на уплатните сметки за јавни приходи, **не се прифаќаат**, поради следното:
    - Забелешката за нереално прикажани вкупни приходи и расходи согласно планираните и одобрените средства за сметката за редовно работење од Буџетот на РМ, не се прифаќа, од причина што наодот е утврден согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници според кој за секоја сметка на буџетскиот корисник се води посебно сметководство и годишна пресметка врз основа на реално добиени и потрошени средства. МНР не води посебно сметководство за средствата кои се однесуваат на сметката 637 и посебно на сметката

631 во кои соодветно би се вклучиле и средствата за ДКП кое што се одразува и на искажаните податоци во финансиските извештаи за наведените сметки. На ваков начин се избегнува и обврската на МНР да обезбеди податоци во сметководствената евиденција кои се потребни за следење на законското и наменското користење на средствата спротивно на Законот за буџетите. Со спроведување на дадените препораки за овој наод на страна 2 и 3 точка 1 и 2 од ќе се отстранат причините кои доведуваат до утврдените констатации.

- Во образложението дадено за неоснованост на наодот во врска со приходот од конзуларни такси министерството детално наведува одредени одредби од Законот за буџетите и Законот за извршување на Буџетот за 2004 година, занемарувајќи го основниот факт дека приходите од конзуларни такси и надомест на фактички трошоци претставуваат приход на Буџетот на РМ согласно Законот за буџетите, а начинот на кој што се пресметува и уплатува на уплатните сметки за јавни приходи и министерството кое е задолжено за наплата на овој приход преку дипломатско конзуларните претставништва на РМ во странство е утврден согласно одредбите од Законот за административни такси и Упатството за начинот на евидентирање и распоред на јавните приходи.

2. Приговорот на наодите изнесен во точка 11.2.1. од Конечниот извештај, а кој се однесува на направени расходи без претходно обезбедени средства со буџетот/финансискиот план и спротивно на законските прописи, **делумно се прифаќа**, поради следното:
    - МНР нема доставено докази за промена на наодот што се однесува на незаконското и ненаменското користење на средства утврден за сметка 631 посебно за програма 11 – администрација. Износот е добиен како разлика помеѓу одобрените средства од Министерство за финансии (реализација) на ставка 424 – материјали и потрошените средства на оваа ставка само за програма 11 – администрација.
    - Приговорот по однос на незаконските направени расходи во износ од 99 илјади денари за користење на угостителски услуги по фактура од Адриатик, Скопје, **не се прифаќа**, од причина што барањето за угостителски услуги доставено до наведениот субјект, со дата од 12.07.2004 година, а со кое е побарано да се организира службен ручек за 150 лица на ден 27.05.2004 година е дополнително изготвен документ (12.07.2004 година) за претходно извршена угостителска услуга. Од фактурата и прилогот кон истата ревизијата не можеше да се увери дека угостителската услуга е извршена за 150 лица.
    - Приговорот по однос на незаконски исплатените средства во износ од 181 илјада денари за еднократен паричен надоместок на вработените во МНР како награда за зголемен ангажман и покажана професионалност во извршувањето на обврските по повод трагичниот настан кај Мостар, **се прифаќа**, поради карактерот на настанот по кој се извршените исплати.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Скопје, 11.11.2005 година**

**Главен државен ревизор,**
**Методија Тошевски**



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

*Овластен Државен ревизор*
----------------------------